**Известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, Република Србија ќе стекне контрола над БЕОТЕЛНЕТ-ИСП ДОО Белград, Република Србија**

**(предмет бр. 08-115/2025)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 208/24 и 16/25), на ден 11.07.2025 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доствено известување за концентрација со која „Телеком Србија” акционерско друштво, Белград, со регистрирано седиште на улица „Таковска“ број 2, Белград, Република Србија, има намера да стекне на непосредна поединечна контрола над БЕОТЕЛНЕТ-ИСП (BEOTELNET-ISP) ДОО Белград, со регистрирано седиште на улица Булевар Војводе Мишиќа 37, 11040 Белград (Савски венац), Република Србија.

**Учесници во концентрацијата и нивни деловни активности:**

**Телеком Србија” акционерско друштво, Белград,** е оператор за електронски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за кабелски телекомуникаци и пред се услуги за фиксна и мобилна телефонија, интернет и мултимедијални услуги на територија на Република Србија.

„Телеком Србија” акционерско друштво Белград има поврзано лице на територијата на Република Северна Македонија и тоа:

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје, чие седиште е регистрирано на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар, регистрирано за дејност: жичани телекомуникации, односно за давање на следните услуги услуги: јавна радио – комуникациска мрежа, широкопојасен пристап на интернет, меѓуоператорски услуги, јавно достапни телефонски услуги во јавна мобилна комуникациска мрежа, реемитување на телевизиски програмски сервиси, сателит.

Друштвото за трговија и услуги МТЕЛ ДООЕЛ Скопје има поврзано лице во Република Северна и тоа е: Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје со регистрирано седиште на улица „Максим Горки“ 11/1-3, Скопје, Центар.

Друштвото за телекомуникации ЛАЈКАМОБАЈЛ ДООЕЛ Скопје работи на пазарот за обезбедување на мобилни електронски комуникациски услуги (припејд услуга) и не им нуди на своите крајни корисници постпејд мобилна услуга, истото е мобилен виртуелен

мрежен оператор (МВМО) на македонскиот пазар за електронски комуникации и обезбедува национални, меѓународни и роаминг говорни, СМС и интернет услуги.

Исто така, поврзано лице на „Телеком Србија” акционерско друштво Белград на територијата на Република Северна Македонија е Друштвото за трговија и услуги ТОТАЛ ТВ ДОО Скопје, со седиште на Булевар Партизански одреди бр. 17, 1-001/Скопје – Центар, Центар, регистрирано за дејност сателитски телекомуникации.

**БЕОТЕЛНЕТ-ИСП** е оператор за електорнски комуникациски услуги и мрежи, регистриран за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги на дистрибуција на медиумска содржина, малопродажен пазар за давање на услуги за фиксна телефонија, малопродажен пазар за изнајмување на ресурси на електронска комуникациска мрежа на територија на Република Србија.

БЕОТЕЛНЕТ-ИСП нема поврзани правни лица но има остварени приходи на територија на Република Северна Македонија.

Според подносителот на известувањето за целите на оценка на предметната концентрација, релевантени пазари се малопродажен пазар за давање услуги на фиксен широкопојасен пристап на интернет, малопродажен пазар за давање услуги дистрибуција на медиумска содржина, малопродажен пазар за давање на услуги за фиксна телефонија, малопродажен пазар за изнајмување на ресурси на електронска комуникациска мрежа.

*Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.*

*Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.*

17.07.2025 година

Скопје